**20192163358**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.238/18), член 7 став (3) и став (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16, 172/16 и 70/18) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 14 октомври 2019 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2019 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 158/19 и 181/19) во делот I во воведната реченица износот „6.263.767.000“ се заменува со износот „7.178.767.000“, а во заградата по зборовите „бр. 238/18“ се додаваат зборовите „и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 211/19.

Во табелата во мерката 1 износот „1.880.000.000“се заменува со износот „2.040.000.000“.

Во мерката 2 износот „1.000“ се заменува со износот „40.001.000“.

Во мерката 11 износот „3.979.766.000“ се заменува со износот „4.694.766.000 “.

Во колоната „Вкупно“ износот „6.263.767.000“ се заменува со износот „7.178.767.000 “.

II

Во делот II во воведната реченица износот „1.880.000.000“ се заменува со износот „2.040.000.000“.

III

Во делот III во воведната реченица износот „1.000“ се заменува со износот „40.001.000 “.

IV

Во делот XII износот „3.979.766.000“ се заменува со износот „4.694.766.000 “.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ .

Бр.45-7881/1
14октомври 2019година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.